Сиг. 0802

# НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЈАЗИК И КУЛТУРА НА РОМИТЕ

IV ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО
ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2008

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ 1

| Примено: 20.06.2008 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3665 | 1 | — |

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по јазик и култура на Ромите за IV одделение на деветгодишното основно образование.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

## 1. ВОВЕД

Наставата по предметот Јазик и култура на Ромите ја дава основата за развивање на јазичниот и културниот идентитет на учениците од ромската заедница. Содржините и целите по овој предмет се реазлизираат со поврзување на клучните наставни подрачја: слушање со разбирање, говорење, читање и пишување, како и со индуктивно усвојување на содржини од граматиката на ромскиот јазик.

Како што е назначено во насловот на наставната програма, во неа се систематизираат и содржини за културата и обичаите на Ромите.

Учениците преку оваа настава ќе ги стекнат основните комуникативни вештини, усвојувајќи ѓи и применувајќи ги стандардните јазични норми од ромскиот јазик. Исто така, во текот на изучувањето на предметот, учениците ќе се запознаат и со разговорниот и литературниот јазик кои ќе станат составен дел во нивната секојдневна комуникација.

Со изучувањето на јазикот и културата na Ромите ќе се овозможи знаењето и вештините за говорење и пишување на ромскиот јазик да станат основно средство за комуникација на учениците на својот мајчин јазик. Познавањето на стандардно јазичните норми на ромскиот јазик ќе им овозможи на учениците да ги разбираат, доживуваат и раскажуваат различните видови текстови и содржини, развивајќи истовремено кај нив способности за учење, самообразование и самовреднување.

Според наставниот план за основното училиште за предметот Јазик и култура на Ромите во III одделение се планира еден час неделно (36 часа годишно), а во наредните одделенија учениците можат континуирано да го изучуваат овој предмет со по два часа неделно, односно 72 часа годишно до деветото одделение во задолжителното основно образование и воспитание

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот / ученичката :

- да усвојува поим за реченица, зборонед (расказна, прашална и извична реченица и правилно да ги употребува);
- да се оспособува за усно и писмено изразување и користење на ромскиот јазик во различни ситуации;
- да се воведува во народната и уметничката литература на ромскиот народ;
- да ја негува говорната култура и писменоста
- да се оспособи за самостојно користење на разни извори за учење и самобразование;
- да усвојува поими, содржини и правила од граматиката, правоговорот и правописот на ромскиот литературен јазик;
- да го збогатува речникот со нови зборови од ромскиот јазик;
- да развива свест за значењето на почитувањето на културните, јазичните и други разлики меѓу луѓето во Република Македонија;

## 3. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО IV ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката**

- да се оспособи да чита со разбирање текстови за познати ситуации и настани;
- да пишува реченици и различни кратки текстови (честитка, покана, и др.) ;
- да користи правилен ред на зборовите во реченицата;
- да користи именки, придавки и глаголи во усното и писменото изразување;
- да ги користи основните граматички и правописни правила при читањето и пишувањето;
- да се оспособи за едноставна усна и писмена комуникација на ромски јазик;
- да се оспособи за водење разговор со други лица и за самостојно излагање.
- да научи стихотворба напамет и да рецитира кратки стихотворби;
- да го збогатува речникот со нови зборови;
- да се поттикнува да усвојува знаења за народната и уметничката литература на Ромите.
- да развива чувство на припадност кон својата и почит кон другите култури;

## 4. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ : Слушање, говорење, читање и пишување | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да разбира усни упатства од наставникот на часот по ромски јазик; | Училиште: **Sikljovlin**<br><br>-Семејство и дом | **- dživdipe ki sikljovlin thaj e sikljovutnengere aktivitetia – Sporto. Vizite, Phiravipe** | Разговор со учениците за името на училиштето, животот и учењето на учениците во училиштето; спортските активности и сл. |
| - да разбира описи на лица , предмети и појави во природата;<br>- да умее да опишува лица, предмети и појави; | - Град и село<br><br>- Промени во природата<br>- Слободно време | **džene , butjarno thaj tromalo vaxti**<br>**-batija ki diz/foro thaj gav**<br><br>**-gari/ari thaj dakikija phiravipe ki prakrita**<br>**- than ko kher, sikljovipaskiri kamra,** | Разговори за домот и семејството ,за градот и селото<br>- Вежби за слушање и говорење зборови и реченици на тема за времето и природата<br>- Вежби со пополнување испуштени зборови во реченици и сл. |
| -да ги знае зборовите за деновите во неделата и месеците во годината на ромски јазик; | - Календар | **-divesa, masekia thaj berša,** | -Посета , разговор за посетено место во околината. |
| - да користи изрази за културно однесување кон други лица; | -Историски места во околината | **phiravipe thaj lafikeripe**<br><br>- **Šaj te puchav tut? , Kotar sian tu? , Kobor berš isi tut?** | - Активности за говорење и пишување на кратки искази, претставување на себеси и на други, барање кратки информации и давање информации и др.; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да разбира прочитан текст од позната ситуација или приказна;<br>- да увидува разлики меѓу приказна и стихотворба;<br><br>- да умее да говори и да ги изразува своите мисли, желби и чувства на ромски јазик. | Изрази за :<br>барање/давање информации<br><br>Слушање на текстови од читанката за настан, случка, место<br>Приказна<br><br>Стихотворба<br><br>Нови зборови<br><br>- Слободна тема<br><br>Раскажување од свое доживување | **-drabaripe thaj analiza**<br><br>**-drabaripe thaj šunipe**<br>**-interpretacija , sikljovibe ki godi**<br><br>**-Paramisi**<br>**-Gajakongiri gili**<br>**-Čačutni intonacia**<br><br>**-Sikljovipe bipendžarde lafia**<br><br>**Tromalutno xramovipe** | - опишување на лица и предмети, рецитирање и раскажување по слики;<br>- вежби и игровни активности за одговарање на прашања за видено, слушнато и доживеано . |
| -Да се поттикне на правилно пишување со буквите од ромската азбука;<br><br>-да се воведува постепено во читање и разбирање на текст;<br>-да се воведува во самостојно писмено изразување на ромски јазик;<br>-да пишува читливо и прегледно зборови , реченици и кус состав; | - Повторување на буквите од азбуката<br>Разговор за пријателство (според текстови од читанката)<br><br>-Употреба на голема и мала буква<br><br>- Овошје и зеленчук<br>- Пишување на состав и куси текстови | **Xramovipe thaj vakeripe bašo peskoro dživdipnaskoro aktiviteto**<br><br>**Romani Abeceda**<br>**Drabaripe thaj lafikeripe**<br><br>**Drabaribe thaj analiza**<br><br>**Rašit, papin,**<br>**Phabaj, ambrol, drakh,** | - Активности за увежбување на буквите по азбучен ред;<br>- читање и пишување на зборови и реченици;<br>- читање на зборови, реченици и кратки разговори поврзувани со слики;<br>-подвелекување и пополнување зборови во реченици и доврщување реченици;<br><br>- употреба на малите и големе ракописни букви од ромската азбука (пишување на зборови, реченици и куси реченици);<br><br>-пишување зборови , реченици или кратки |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да чита и разбира реченици и кратки текстови<br><br>-да разликува сказна од приказна и од расказ. | Сказна и приказна | **domati, piperi**<br>**Adžarava tut te ave ko 5 ari mande khere**<br><br>**Katar o selikane pharamica** | описи за овошје и зеленчук и нивната корисност за здравјето на луѓето;<br>- правилно пишување и поврзување на буквите во зборот и во реченицата;<br>- подредување зборови во слеана низа и сл.<br><br>- Вежби со повторување на зборови, кратки реченици по даден модел за усвојување на правилна артикулација и интонација |

| **ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ : Јазик (Граматика)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се оспособува да составува правилно реченица и правилно да ги подредува зборовите во реченицата;<br>- да ги препознава именките по нивните видови;<br>- да ги препознава придавките и правилно да ги употребува;<br>- да научи правилно да брои;<br>- да се оспособува правилно да ги изговара и да ги пишува со зборови броевите од 100 до 1000;<br><br>-да се оспособи за употреба сврзниците во ромскиот јазик;<br><br>-да се оспособува да ги разликува глаголските времиња; | Видови именки-**Ulavipe e anavjengoro**<br><br>Придавки и нивната употреба во реченицата-**Dodinenkoro formiripe**<br><br>Пишување со зборови броеви од 100-1000-**Genja**<br><br>Сврзници –општо<br><br>Сегашно време - **akanutno**<br>- Минато време-**nakhlo**<br>- Идно време -**Avutno** | **dženo thaj jeri – Jekhipe thaj Butipe**<br><br>**šužo, šuko, zuralo**<br><br>**-šel, pandžšel / panšel, milja**<br><br>**Thaj , palem, ja, ni , aj, no, sade**<br><br>**-drabarela lil**<br>**-pharavdja lil** | -Вежби за составување реченици со правилен редослед на зборовите во реченицата.<br>-препознавање на различни видови именки (сопствени и општи);<br><br>- активности за препознавање придавки во текст;<br>Пример: **šužo, šuko, zuralo;**<br><br>- Пишување на броевите: **jekh, pandž;**<br>-правилна употреба на термините собирање и одземање: **= sa si,dena; lelo, minus;**<br><br>- употреба на интерпункциските знаци , да ги пронајдат во текст и да ги употребуваат во разговор;<br><br>-вежби со активности за увежбување на глаголските времиња-**Šunava, Šundjum, Ka Šunav.** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| -да ги употребува правилно подметот и прирокот во реченицата.<br><br>-Да се оспособи правилно да пишува реченица со (подмет, прирок и сврзник) | Подмет,<br>прирок,<br><br>-Реченица-**Lafjori**<br>Видови реченици: прашална, расказна и извична | **Me drabarava lil** | Вежби за откривање на подметот и прирокот во текст.<br><br>-Вежби за пишување на прости реченици и навестување на различните видови на реченици. |
| -Да разликува расказна, прашална и извична реченица и правилно да ги употребува; | Расказна- **Mothovipaskiri lafjori**<br><br>Прашална –**Pučipaskiri lafjori**<br><br>Извична – **Akhardipaskiri lafjori** | **-Avdive sium sine (siumas) ki sikljovlin**<br><br>**Sijan sine avdive ki sikljovlin?**<br><br>**Te oven saste e Roma!** | Вежби за воочување и составување на прашални, расказни и извични реченици во усна и писмена форма според начинот на искажување и според интерпункциските знаци. Активности за пронаоѓање на различни видови реченици во текст. |
| - да ја знае функцијата на интерпункциските знаци и правилно да ги применува при читањето и пишувањето;<br>-да се поттикне за пронаоѓање на интерпункциските знаци и нивна употреба. | Интерпункциски знаци:<br><br>прашалник<br>извичник<br>две точки | - **pučljarlin**<br>- **akhardin**<br>- **duj nukte** | - Вежби за препознавање и примена на интерпункциските знаци;<br>-вежби за составување реченици за кои се употребува прашалник, извичник и две точки. |

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Изразување и творење | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се оспособува да учествува во едноставни разговори на определена тема; | - Слушање едноставен разговор на предложена тема<br><br>- Составување текстови на слободна тема | **- Šunipe , Lafikeripe thaj lafikeripe upral o xramome teksto** | - Вежби за слушање на други лица и за учество во едноставен разговор преку прашања и одговори за определена тема со користење на предмети, слики, аудитивни и аудиовизуелни средства. |
| - да пишува правилно реченици и кратки текстови;<br><br>- да прераскажува усно и писмено куси содржини (слободно и со помош на прашања);<br><br>- да опишува слики;<br><br>- да опишува од набљудување (растенија, предмети и животни);<br>- да рецитира песна (стихотворба);<br><br>-да се оспособи правилно да рецитира со артикулација и интонација. | - Пишување реченици и кратки текстови<br><br>- Прераскажување во кратки црти на дијалог, приказна или друг краток текст<br>- Опишување на слики<br><br>- Опишување: предмети, животни, растенија и др.<br><br>- Рецитирање | **-Xramovipe thaj istemalkeripe upral o siklo materiali**<br><br>**Vakeripe**<br><br>**- Mothovipe**<br><br>**Intoniripe, vakeripe e giljengoro** | - Вежби за правилно пишување на текстови по даден почеток, тек на настан и завршеток.<br><br>Вежби за усно и писмено прераскажување на дијалог, приказна или друг краток текст.<br>- Вежби за писмено опишувања на слики, лица и предмети.<br><br>- рецитирање песна и слушање на рецитирана песна од друго лице. |

## 5. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставната програма за предметот **јазик и култура на Ромите** ги опфаќа следните подрачја: **Слушање, говорење, читање и пишување; Јазик (Граматика); Изразување и творење; Култура на Ромите.**

При планирањето на наставата во IV одделение наставникот/-чката важно е да има предвид дека треба интегрално да се планираат целите, содржините и активностите од сите наставни подрачја во наставната програма за да може да се постигне целовитост во слушањето, говорењето, читањето, изразувањето и творењето на ромски литературан јазик. Исто така, подеднакво треба да внимава, (во интегралното планирање) да не се запостават некои од битните карактеристики на ромскиот јазик што се предвидени со наставната програма. Бидејќи овој наставен предмет во IV одделение се изучува со по два час неделно, наставната програма одговара на развојните карактеристики на учениците и предвидениот фонд на часови.

Како што е веќе наведено, секое наставно подрачје дијалектички упатува на системот на наставата по предметот јазик и култура на Ромите . Всушност предметните подрачја даваат такви можности според структурата, т.е. нивните содржини, па во таа смисла не може да се разработуваат содржини (песни, раскази, народни приказни, басни и сл.), а притоа да не се користат формите на изразување и творење (прераскажување, опишување) или да не се внимава на граматичката точност при говорењето и пишувањето) или, пак, јазична содржина да се разгледува надвор од обработен текст, како и да не се користат знаењата за јазикот во изразувањето и творењето). Оваа поврзаност меѓу наставните подрачја по предметот јазик и култура на Ромите е битна, исто како што е и поврзаноста на предметот со содржините од другите предмети, што претставува важен принцип во реализацијата на наставата во основното училиште.

При планирањето на содржините наставникот/-чката треба да се придржува на правилата на постапност и систематичност, така што при презентирањето на новите содржини да се следи спиралната прогресија односно секогаш врз основа на познати содржини да се надградуваат нови при што подеднакво да се развиваат четирите јазични вештини: слушање, говорење, читање и пишување.

Исто така, за да може да се постигне целта во наставата по овој предмет се налага потреба наставникот/чката да планира и да обработува претежно содржини ( текстови, песни, раскази и сл.) на ромски јазик во кои се содржат теми, обичаи и други карактеристики поврзани со јазикот и културата на ромскиот народ.

*Препораки за користење на годишниот фонд на часови*- 72 часа годишно, 2 час неделно.

- По наставни подрачја се предлага: Слушање, говорење, читање и пишување со интегрирано усвојување на содржини од Јазик (Граматика) - 45 часа; Изразување и творење - 18 часа; Култура на Ромите- 9 часа.

*Наставни средства:*

- учебник избран на ниво на училиште за соодветниот предмет, одобрен од страна на министерот;

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ: Култура на Ромите | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да слуша песни од музичкото творештво на Ромите;<br>- да го разбира значењето на народните обичаи и обреди на Ромите;<br>- да познава некои од старите занаети и други карактеристики од културата на Ромите. | Историја и култура на Ромите<br><br>- Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br>- Народни обичаи<br>- Стари занаети и живеалишта. | Историски податоци за Ромите<br><br>Народни песни, инструменти, носии, ора и игри<br>Народни обичаи<br>Стари занаети. | Текстови од Историјата<br><br>-Слушање на народни ромски песни.<br>- Запознавање со традиционалните музички инструменти, носии и ора.<br>- Разговор за обичаите и обредите на Ромите.<br>- Посета на занаетчиски дуќан.<br>- Разгледување на фотографии со карактеристични елементи од културата на Ромите. |

- сликовници, приказни, песни, списанија, енциклопедии, речници и сл.;
- аудио-визуелни средства и други средства во зависност од предметот - ЦД ;
- други извори на учење: Интернет;

## 6. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

На почетокот на учебната година наставникот прибира показатели со цел да се запознае со предзнаењата на учениците за ромскиот јазик, во функција на квалитетното планирање и реализирање на идните активности. Исто така, треба да воспостави контакт со родителите и да ги запознае со карактеристиките на наставната програма по ромски јазик и начинот на обработката на содржините во наставата и следењето на постигањата на учениците (особено дека во четврто одделение учениците се оценуваат со описна и бројчана оценка. Притоа треба да се нагласи дека оценката по овој предмет влијае на општиот успех на ученикот.

*ФОРМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Во текот на наставата по ромски јазик во четврто одделение се препорачува редовно следење кое вклучува изработка и водење на портфолио на учениците што опфаќа:

- собирање на показатели (детски изработки, творби, искази и сл.) за секој ученик посебно;
- тековни (формативни), однапред подготвени евалвациони листи за секој ученик, кои се пополнуваат по конкретна негова активност во кои наставникот ја бележи фактичката состојба;

*СУМАТИВНО ОЦЕНУВАЊЕ* - Врз основа на целокупните податоци од формативното оценување наставникот ја констатира (опишува) развојната состојба на секој ученик поединечно, во рамките на секое програмско подрачје од наставната програма по ромски јазик.

*ДОСТАПНОСТ И ПРООДНОСТ НА ПОРТФОЛИОТО*

- Завршната описна и бројчана оценка се доставува до родителите и станува дел од портфолиото на ученикот.
- Портфолиото на ученикот со прочистени и селектирани податоци за ученикот се пренесува во наредното, повисоко одделение.

*НАЧИНИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ* - Согласно со природата на програмата по јазик и култура на Ромите во четврто одделение, може да се применуваат различни методи и техники за *усно и писмено проверување на постигањата на ученикот( говорни вежби, презентации, писмени вежби и сл. ).*

## 7. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор, опрема и на наставните средства за I до VI одделение донесен од страна на Министерот за образование и наука со решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 8. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во четврто одделение може да ја изведува лице кое добро го говори ромскиот јазик и има завршено студии на:
Педагошки факултет
Филолошки факултет –
Филозофски факултет - Институт за педагогија

Забелешка: Во случаите на недостиг на соодветен кадар може да се вклучат и наставници со завршена педагошка академија или виша педагошка школа.

## 9. КОМИСИЈА КОЈА ЈА ПОДГОТВИ НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- **Имран Јашари- О.У. „ Гоце Делчев"-Тетово**
- **Љатиф Демир- Ромски Културен и Едукативен Центар " Дархиа " –Скопје**
- **Севџан Сулејманоски –О.У " 11 Октомври"-Куманово**
- **Хасан Идризи-О.С.У.-„Ѓоце Стојќески „и "Тодор Скалоски Тетоец" -Тетово**
- **мр Таше Стојаноски – Координатор- Биро за развој на образованието- Скопје**
- **Жанета Чонтева, - психолог УНИЦЕФ**

**10. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по јазик и култура на Ромите за четврто одделение во деветгодишното основно образование ја донесе

Министер
______________________
Сулејман Рушити

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

на ден ______________
Бр. 07-4091/1
Скопје
22 05 2008 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
СКОПЈЕ